**УДК 327.5:2]:355.45(479.243)**

**ДИМКОВСКИ, Горан** [1]
**МАРОЛОВ, Дејан**[2]

# УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНФЛИКТИ: АНАЛИЗА НА КОНФЛИКТОТ ВО НАГОРНО КАРАБАХ НИЗ ПРИЗМАТА НА БЕЗБЕДНОСНАТА ДИЛЕМА И СТРУКТУРНИОТ РЕАЛИЗАМ

**Апстракт**

Овој труд ја анализира улогата на религијата како значаен и конститутивен фактор во рамките на Теоријата на безбедносната дилема, со посебен фокус врз нејзината манифестација во конфликтот во Нагорно Карабах помеѓу Ерменија и Азербејџан. Иако доминантната неореалистичка литература ја третира безбедносната дилема како феномен кој произлегува од анархичната структура на меѓународниот систем и материјалната распределба на моќта, ова истражување покажува дека религијата, како нематеријална категорија, суштински влијае врз начинот на кој државите ги интерпретираат намерите на другите актери и врз перцепцијата на стратешките сигнали во услови на длабока меѓусебна недоверба. Историските верски идентитети – Ерменската Апостолска традиција и шиитско-исламската културна матрица во Азербејџан – создаваат стабилни когнитивни рамки кои ги обликуваат политичките процеси, очекувањата за безбедноста и чувството на егзистенцијална ранливост, со што се засилува перманентната нестабилност во конфликтот. Преку своето присуство во политичката реторика, официјалните државни дискурси, образовните наративи и историските митологии, религијата генерира длабоки безбедносни импликации кои ја зголемуваат недовербата и ја прошируваат класичната спирала на безбедносната дилема, при што дури и минималните одбранбени корекции се перципираат како закана за националниот или цивилизацискиот опстанок. Истражувањето дополнително укажува дека религијата игра значајна улога во симболичкото означување на територијата, што го усложнува процесот на компромис и го зацврстува впечатокот дека територијалната загуба претставува загуба на духовен, историски и културен континуитет. Резултатите потврдуваат дека религијата не е пасивен културен маркер, туку активна променлива која ги продлабочува стратешките погрешни интерпретации, ги засилува стравовите и го поттикнува продлабочувањето на конфронтацијата. Заклучокот нагласува дека интеграцијата на религиозните и идентитетските димензии во современите теориски модели на безбедносната дилема е неопходна за попрецизно разбирање на нестабилноста, повторливите ескалациски процеси и ограничените можности за мирно разрешување на конфликти како оној во Нагорно Карабах.

***Клучни зборови****: безбедносна дилема, религија, Нагорно Карабах, Ерменија, Азербејџан, перцепција на закана, идентитет*

[1] Студент на трет циклус на студии, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија; e-mail: dimkovski_goran@yahoo.com
[2] Редовен професор, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија; e-mail: dejan.marolov@ugd.edu.mk

**UDK 327.5:2]:355.45(479.243)**

**DIMKOVSKI, Goran**[3]
**MAROLOV, Dejan**[4]

# THE ROLE OF RELIGION IN INTERNATIONAL CONFLICTS: AN ANALYSIS OF THE NAGORNO-KARABAKH CONFLICT THROUGH THE LENS OF THE SECURITY DILEMMA AND STRUCTURAL REALISM

**Abstract**:

This paper analyzes the role of religion as a significant and constitutive factor within the framework of the Theory of the Security Dilemma, with a particular focus on its manifestation in the Nagorno-Karabakh conflict between Armenia and Azerbaijan. Although dominant neorealist literature conceptualizes the security dilemma as a phenomenon arising from the anarchic structure of the international system and the material distribution of power, this study demonstrates that religion, as a non-material category, fundamentally influences how states interpret the intentions of other actors and perceive strategic signals in an environment marked by deep mutual distrust. The historical religious identities—Armenia's Apostolic tradition and the Shi'a Islamic cultural matrix of Azerbaijan—create stable cognitive frameworks that shape political processes, security expectations, and feelings of existential vulnerability, thereby intensifying the persistent instability of the conflict. The research further indicates that religion plays a significant role in the symbolic marking of territory, complicating the prospects for compromise and reinforcing the perception that territorial loss constitutes a loss of spiritual, historical, and cultural continuity. The findings confirm that religion is not a passive cultural marker but an active variable that deepens strategic misinterpretations, intensifies fears, and fuels escalating confrontation. The conclusion emphasizes that integrating religious and identity-based dimensions into contemporary theoretical models of the security dilemma is essential for a more accurate understanding of instability, recurring escalation processes, and the limited prospects for peaceful resolution of conflicts such as the one in Nagorno-Karabakh.

***Keywords:*** *security dilemma, religion, Nagorno-Karabakh, Armenia, Azerbaijan, threat perception, identity*

## ВОВЕД

Реализмот, набљудуван во историски контекст се појавува во четириесеттите години на 20 век и е еден од суштинските теориски пристапи во текот на Студената војна. Иако одиграл доминантна улога во текот на целиот период на Студената војна, ни денес неговото значење не е воопшто намалено. Реализмот се наоѓа во центарот на разбирањето на општеството и на меѓународните односи. Суштината на овој концепт се состои во основаната претпоставка за анархичноста помеѓу државите во меѓународната политика и меѓународните односи. Предмет на анализа на теоретичарите на реализмот е државоцентричноста, како најзначајна структура во меѓународниот систем (Waltz, 2008). Роберт Гилпин (Robert Gilpin) истакнува дека суштински предмет на интерес на реализмот е значењето на безбедноста и моќта во политиката (Gilpin, 1986: 305 според: Donnelly, 1992: 85).

Според ова, јасни се тенденциите на кои се потпира реализмот во меѓународните односи, односно, државите се суштински фактор во меѓународниот систем,

---

[3] Student of 3-rd cycle academic studies, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia; E-mail: dimkovski_goran@yahoo.com

[4] Full professor, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia; e-mail: dejan.marolov@ugd.edu.mk

меѓународната политика е заснована на анархија и борбата за сила и моќ е основен концепт на однесувањето на државите.

Во првата половина на дваесеттиот век, поточно 1939 година, Едвард Халет Кар ја објавува книгата „Кризата на дваесеттите години“ во која реализмот како теориски пристап го објаснува во две варијанти: класичен реализам и неореализам.

Предмет на нашиот интерес ќе биде неореализмот (структурниот реализам и неговиот офанзивен и дефанзивен концепт).

Неореализмот, како нов правец во рамки на реализмот е еден од најзначајните теории во меѓународните односи. Творец на овој концепт е Kenneth Waltz. Самиот концепт на неореализмот се развива во процес на сериозни дилеми во меѓународните односи во текот на дваесеттиот век. Сам по себе, неореализмот има критички однос кон класичниот реализам и е проширување на предметот на интерес и на други актери и процеси.

Неореализмот ги објаснува антропоцентричноста и аксиоматското тежнеење на државата да опстане во меѓународните односи. Сам по себе, тој претпоставува сила и моќ во меѓународните односи како суштински; претпоставува постојана можност за избивање на судири; тежнеењето на државата како темелно начело да опстане во меѓународните односи (Новичиќ, 2014: 117-118).

Волц истакнува дека сигурноста е основна цел во состојба на анархија. Имено, државите во недостаток на централна власт, неминовно се наоѓаат во анархична состојба. Според Волц, само доколку опстанокот на државата е загарантиран, институциите и поединците во државата би тежнееле кон цели како што е мир, трговија, остварување профит. Суштината на структурниот реализам е сфаќањето дека секоја држава тежнее кон сопствен опстанок, односно сочувување на постојната состојба (status quo), во состојба на анархија во меѓународната политика.

Структурниот реализам има две варијанти: (Snyder, 2013)

- **Дефанзивен**
- **Офанзивен**.

а) **Дефанзивниот неореализам** дава рамнотежа помеѓу нападот и одбраната и во својата суштина, претпоставката, дека државите треба да одржуваат безбедност (опстанок) односно status quo. (Vilijams, 2012: 62).

Во таква состојба на анархија државите склучуваат сојузи со цел да се заштитат (Waltz, 2000: 200-202). Офанзивниот и дефанзивниот реализам како почетна точка ја земаат претпоставката дека моќта претставува суштинска карактеристика на меѓународната политика и моќта е таа која е важно средство за самопомош во состојба на анархичната природа на меѓународниот систем. Танг нагласува дека суштинските разлики помеѓу овие два правци (дефанзивен и офанзивен реализам) не се во стратегијата, дури и се стремат кон исти цели како што се безбедноста, моќта (Tang, 2010: 19-29). Клучната разлика во овие два правци не е врз основа на целите кон кои тежат, туку на начините (стратегиите) со кои ги остваруваат целите. Офанзивниот реализам усвојува офанзивна стратегија против други држави, со цел да ги оствари своите цели. Дефанзивниот реализам не усвојува офанзивни стратегии против други држави со цел остварување на своите цели. Оваа разлика помеѓу офанзивниот и дефанзивниот реализам е суштинска во објаснувањата на концептот на безбедносна дилема.

б) **Офанзивен неореализам** – Најзначајно дело кое го објаснува офанзивниот неореализам е „Трагедија на политиките на големите сили“ (The tragedy of great powers politics) чиј автор е Џон Миршмаер (John Mearsheimer), кој се смета за суштински претставник на офанзивниот неореализам. Тој вели: „*Големите сили секогаш настојуваат да достигнат можности да ја зголемат својата моќ на сметка на своите ривали, при што хегемонијата е нивната конечна цел*“.

Според сфаќањата на Волц, структурата на меѓународните односи тежнее кон status quo во однос на сите држави, додека, пак, Миршмаер зборува за потполно спротивен пристап, односно, моќта е доминантен постулат на однесување на државите

во меѓународниот систем. Двете варијанти сметаат дека државите посакуваат безбедност, но својата цел ја остваруваат на различен начин. Во дефанзивниот неореализам, државите се однесуваат на неагресивен начин, балансирајќи ги меѓусебните односи и интереси, а моќта е само средство. Во офанзивниот неореализам, моќта е и цел и средство, државите се агресивни со цел да остварат безбедност (моќ).

Овие принципи на меѓународниот систем создаваат основа за развој на теоретскиот концепт наречен безбедносна дилема. Безбедносната дилема создава атмосфера (во рамки на меѓународните односи и политики) во која државите вршат целосна опсервација на евентуалните воени капацитети на останатите држави и нивната способност за ги загрозат државите кои се непосредно засегнати.

Концептот на безбедносна дилема е релативно нов, кој се развивал и формирал низ времето и е рефлексија на перцепцијата на меѓународната политика и меѓународните односи помеѓу државите. Основата на овој концепт е стремежот на државите за безбедност и моќ, и сето тоа како неминовност од анархијата во меѓународните односи. Постои поширока историска традиција на самиот концепт, кој го дефинирал Џон Херц во 1950 година и го нарекол „безбедносна дилема“.

## 1. АНАЛИЗА НА СЛУЧАЈ: АЗЕРБЕЈЏАН И ЕРМЕНИЈА – НАГОРНО КАРАБАХ

Азербејџан и Ерменија се наоѓаат во регионот на Јужен Кавказ, заедно со соседна Грузија. Јужен Кавказ е регион помеѓу Црното и Каспиското Море, кој е одделен од Русија со планинскиот венец Голем Кавказ, а се граничи и со Иран и Турција. Азербејџанците и Ерменците имаат различни етнички и религиозни идентитети (Азербејџанците се претежно муслимани, Ерменците претежно христијани) и се бореле во горчливи конфликти во минатото.

Политичката и демографската историја на Нагорно Карабах е жестоко оспорена. Мнозинското етничко ерменско население во регионот тврди дека има доминантно историско присуство во Нагорно Карабах.

Во втората половина на 18 век, регионот станал центар на поголемото Карабахско ханат, полунезависно турско (рано азербејџанско) кнежевство формално потчинето на Иран пред да биде освоено од Руската империја на почетокот на 19 век. До 1832 година, според еден научник за регионот, Ерменците „сочинувале огромно мнозинство од населението“ на планинската територија на Нагорно Карабах и сочинувале околу една третина од населението на поголемата територија што претходно била дел од поранешниот Карабахски ханат (Bournoutian, 2004: 24).

Азербејџанците и Ерменците се бореле за контрола врз Нагорно Карабах и други територии за време на краткиот период на независност по Болшевичката револуција на Русија во 1917 година. Азербејџан и Ерменија биле вклучени во СССР во 1920-1922 година како составни републики. И покрај противењето на ерменските болшевици, Нагорно Карабах бил доделен на Советски Азербејџан во 1921 година и бил формално основан и демаркиран во 1923 година. Како дел од СССР до 1991 година, Нагорно Карабах официјално бил автономен регион (област) во рамките на Советски Азербејџан. Според пописот од 1989 година, регионот имал население од 189 000 жители (77% Ерменци, 22% Азербејџанци).

Конфликтот се појави во 1988 година, откако ерменското население во Нагорно Карабах се обиде да ја пренесе јурисдикцијата над регионот на Советска Ерменија. Советските власти одбија да ги прецртаат границите, но неминовно се случија насилни судири кои предизвикаа конфликт меѓу Ерменците и Азербејџанците во Нагорно Карабах. Азербејџан како суверена држава, во новонастанатата состојба го бранеше својот територијален интегритет.

Борбата доведе до насилство и раселување на Ерменците и Азербејџанците надвор од Нагорно Карабах. Конфликтот дополнително ескалираше во 1991 година, кога Советската влада се обиде да се спротивстави на движењето за независност од страна на Ерменија и Азербејџан, Ерменците во Нагорно Карабах прогласија

независност од Азербејџан, а Азербејџан го укина автономниот статус на Нагорно Карабах.

По распадот на СССР, во декември 1991 година, ерменските и азербејџанските вооружени сили се бореа директно, при што азербејџанските сили претрпеа неколку големи порази. Ерменија и Азербејџан потпишаа прекин на огнот во мај 1994 година, оставајќи ги Ерменците од Нагорно Карабах да го контролираат поголемиот дел од територијата на Нагорно Карабах и неколку околни области, што вкупно претставува околу 14% од површината на Азербејџан. Набљудувачите проценуваат дека конфликтот резултирал со околу 20 000 смртни случаи и повеќе од 1 милион раселени лица. Раселените вклучувале околу 50 000 Азербејџанци од областите околу Нагорно Карабах и самиот регион, околу 185 000 Азербејџанци од Ерменија и повеќе од 350 000 Ерменци од Азербејџан (De Waal, 2013: 327-328).

Во 1993 година, Советот за безбедност на Обединетите нации донесе четири резолуции во врска со конфликтот Азербејџан – Ерменија. Покрај повикот за прекин на непријателствата, резолуциите „го потврдуваат суверенитетот и територијалниот интегритет на Азербејџанската Република и на сите други држави во регионот“, како и „недозволивоста на употребата на сила за стекнување територија“. Резолуциите повикуваат на „повлекување на окупаторските сили“ од „неодамна окупираните области“ на Азербејџан.

### 1.1. Напори за решавање на конфликти во 2018 и 2019 година

Во 2018 година, промената на владата во Ерменија доведе до нови напори за решавање на долготрајниот конфликт. Ерменскиот премиер Никол Пашињан стана првиот лидер на Ерменија за 20 години кој не е по потекло од Нагорно Карабах. Откако Пашињан дојде на власт како водач на народното демократско движење, некои набљудувачи се надеваа дека Ерменија и Азербејџан би можеле да бидат охрабрени да иницираат нови напори за решавање на конфликтот или, барем, за намалување на тензиите.

Соединетите Американски Држави, Русија и Франција, како копретседатели на Минската група, изразија обновен интерес за ангажман и ја поздравија подготвеноста на двете влади да преземат „конкретни мерки за подготовка на населението за мир“ (OSCE, 2019).

### 1.2. Есенска војна 2020 година

На 27 септември 2020 година, избувнаа нови големи борби меѓу Азербејџан и Ерменците од Нагорно Карабах, поддржани од државата Ерменија. Во претходните месеци, политичките тензии меѓу Ерменија и Азербејџан се зголемија (Broers, 2019).

Помеѓу 12 јули и 16 јули 2020 година, Ерменија и Азербејџан разменија артилериски оган по должината на нивната граница, околу 185 милји северно од Нагорно Карабах. Иако не е јасно што точно го предизвика конфликтот во јули, некои аналитичари веруваат дека настаните одразуваа ненамерна ескалација, а не однапред смислена акција. Конфликтот официјално резултираше со смрт на најмалку 17 воени лица (12 Азербејџанци, 5 Ерменци) и 1 азербејџански цивил (Hauer, 2020; Demourian, 2020).

По судирите во јули 2020 година, тензиите меѓу Ерменија и Азербејџан продолжија. Во јули, азербејџанските власти почнаа да ги критикуваат руските воени транспортни летови до Ерменија, тврдејќи дека се испораки на оружје.

Многу набљудувачи проценуваат дека војната во есента 2020 година започнала како азербејџанска офанзива за враќање на барем некои територии што Азербејџан ги загубил од воените ефективи на Нагорно Карабах во раните 1990-ти. Во текот на шест недели, вооружените сили на Азербејџан постепено напредувале против силите на Нагорно Карабах. Цел на напад биле областите околу Нагорно Карабах и на крајот, на самата територија на Нагорно Карабах (Simmons, 2020).

Многу регионални набљудувачи ја сметаа војната за демонстрирана квалитативна воена предност на Азербејџан над Ерменија, делумно поради обемното воено јакнење во текот на последната деценија. Набавките на напредни системи за

оружје ги подобрија способностите на Азербејџан за извидување и прецизни удари, што можеби придонесе за раст на довербата на азербејџанската војска. За време на војната, Азербејџан во голема мера се потпираше на употребата на беспилотни летала, вклучително и опрема купена од Турција и Израел, за идентификување, таргетирање и напад на ермински одбранбени позиции и оклопни единици.

Воздушната одбрана во Нагорно Карабах главно се состоеше од постари советски или руски системи, кои во голема мера беа неефикасни против поновите азербејџански беспилотни летала. Ерменските сили, поточно, силите на Нагорно Карабах претрпеа големи загуби на оклопна опрема и не беа во можност да ги координираат и консолидираат борбените ефективи, со цел да извршат соодветни контранапади против азербејџанските сили. Сепак, тие беа во можност да ги одбијат почетните азербејџански напредувања на планинскиот терен во северниот дел на Нагорно Карабах (Kofman & Nersisyan, 2020; Foy, 2020).

Користејќи комбиниран вооружен пристап што вклучуваше специјални сили и лесна пешадија, поддржани од оклопни единици и прецизна артилерија и напади со беспилотни летала, азербејџанските сили напредуваа во околните клисури и планини. И покрај силниот отпор на Ерменија/Нагорно Карабах, Азербејџан ја освои Шуша на или околу 8 ноември 2020 година (Synovitz, 2020; Goble, 2020).

Заземањето на Шуша ја ослабна воената позиција на Ерменија/Нагорно Карабах и ја загрози безбедноста на ерменското населението во Нагорно Карабах. Од 2 ноември 2020 година, ерменските власти посочија дека 90.000 луѓе (од околу 147 000) избегале од Нагорно Карабах. Додека се одвивале борбите за Шуша, видео снимките наводно прикажувале сообраќај на тешки цивилни возила како го напуштаат Нагорно Карабах кон Ерменија. До почетокот на декември 2020 година, извештаите покажаа дека повеќе од 25 000 луѓе се вратиле во своите домови во Нагорно Карабах. Покрај тоа, азербејџанските власти известија дека околу 40 000 Азербејџанци што живеат во близина на зоната на конфликтот биле привремено раселени за време на војната (Office of the High Commissioner for Human Rights, 2020).

### 1.3. Нагорно Карабах 2023

Тензиите во регионот се зголемуваа веќе неколку месеци со тековната блокада на Лачинскиот коридор, зголемените судири меѓу азербејџанските и етничките ерменски сили и извештаите за акумулирање на азербејџански сили на азербејџанско-ерменската граница и по должината на линијата на контакт.

На 19 септември 2023 година, Азербејџан започна воена офанзива во Нагорно Карабах. Владата изјави дека станува збор за „антитерористичка операција“ како одговор на два инцидента во кои беа убиени неколку цивили и воен персонал откако нивните возила наидоа на мини, наводно поставени од ерменските сили (Gavin, 2023).

Целта на операцијата на државните воени сили на Азербејџан било: обезбедување на одредбите од Трилатералната изјава, сузбивање на големите провокации во економскиот регион Карабах, разоружување и обезбедување на повлекувањето на формациите на вооружените сили на Ерменија од азербејџанска територија, неутрализирање на ерменската воена инфраструктура, обезбедување на безбедноста на цивилното население вратено на териториите ослободени од окупацијата, цивилите да се вклучат во градежните работи и обновата на воено погодените области со поддршка на азербејџанскиот воен персонал и, на крајот, враќање на уставниот поредок на Република Азербејџан (Statement by Azerbaijan’s Ministry of Defense, 2023).

## 2. УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО КОНФЛИКТОТ, ВО РАМКИ НА БЕЗБЕДНОСНАТА ДИЛЕМА

Во последните децении од 20 век и на почетокот на 21 век, етничките и религиозните разлики беа извори на социјална и политичка нестабилност. Спротивно на претпоставките и теориите за секуларизација кои предвидуваа свет со помалку

религија, општествата низ целиот свет стануваат сè повеќе етнички и религиозно свесни, можеби дури и повеќе отколку што би сакале да веруваме.

Во многу регионални контексти, очигледно имало процеси во тек кои можат да се опишат како импакт на религијата во политиката и политизација на религијата.

Како религијата стана фактор во конфликтот и какви улоги играше? Религијата не била важен фактор на почетокот на конфликтот, туку влегла низ задна врата, станувајќи фактор во подоцнежните фази. На почетокот на конфликтот, ерменските и азербејџанските наративи биле сè освен религиозни; тие биле во голема мера територијални, економски и историски. Религијата прераснала во фактор во конфликтот преку два различни процеса. Прво, религијата стана важно средство за создавање и одржување на социјална и емоционална солидарност меѓу општествените слоеви во време на длабока политичка и социјална криза поради распадот на Советскиот Сојуз.

За време на кризата, која се совпадна и со појавата на конфликтот во Нагорно Карабах, верските водачи во Ерменија и Азербејџан станаа клучни играчи во создавањето формални и неформални врски меѓу различните општествени и политички движења, воведувајќи чувство на стабилност во услови на распаѓање на општествениот поредок.

Во овој период, религијата се појави како една од ретките општествени константи способна да ги заштити поединците од егзистенцијална анксиозност - донесена од безмалку евидентниот колапсот на општеството - и да го поттикне заедничкиот живот, исполнувајќи една од своите мисии со забележителен степен на успех.

Како што нè потсетува Емил Диркем, во ситуации на општествен распад и акутен надворешен конфликт, солидарноста во групата и социоморалната кохезија засновани на религиозни врски се реместуваат во преден план на општествениот живот, потиснувајќи ги економските и политичките прашања во втор план (Durkheim, 1972: 161).

Во таков свет, религијата станува „привилегиран ресурс на социјална и културна конструкција“ (Agadjanian, Jödicke & Zweere: 26), зафаќајќи и други општествени процеси и создавајќи средина во која располага со силни аргументи. Исто така, таа отвора можности за кооптација и експлоатација од страна на политички чинители и етнонационалистички фактори.

Второ, религијата стана инструментализирана за целите на политичка легитимација во рацете на новонастанатите политички елити кои идеолошки ги спојуваа религијата и етничката припадност, влевајќи ги во новиот националистички дискурс. Со тоа дојде и конфликтот во Нагорно Карабах со религиозни мотиви, метафори и симболи, „реализирајќи ја важноста на религијата [и] претставувајќи ја како борба помеѓу „исламот“ и „христијанството” (Graham, Law, Wilson, Bohr & Allworth, 1998: 16).

Без разлика дали било намерно или не, конфликтот во Нагорно Карабах бил сакрализиран; насилството што следело давало религиозна аконотација. Накратко, политизацијата на религијата довела до инструментализација на истата во рамки на конфликтот. Вклучувањето на религиозната реторика во јавниот дискурс создало социополитичка средина во која конфликтот меѓу Ерменците и Азербејџанците честопати имал смисла кога бил прикажан во религиозни термини, иако немало да стане збор за религија сама по себе, со сопствена онтолошка вредност. Ерменците и Азербејџанците не се убивале меѓусебно, ниту пак најмногу поради религиозен анимус.

Религијата никогаш не станала „самомоторен феномен“ (Derluguian, 2005: 41), туку служела како засилувач на конфликт чии главни корени биле на друго место (на пример, територија, историја, економија).

Така, војната во Нагорно Карабах постепено добила религиозен призвук, при што религијата ги зауздувала и изострувала исклучувачките граници, им давала легитимитет на владејачките елити и функционално го поддржувала насилството што го промовирале или го практикувале елитите.

Во овој процес, религијата се префрли од симболичката и реторичката сфера во широк организациски фактор на физичко насилство, иако директното учество во насилството од страна на религиозни личности беше строго ограничено, но не и без преседан.

Гледано низ оваа призма, станува јасно дека религијата послужила за интензивирање на она што Бергер го нарекол „екстаза на маргиналните ситуации“: настани што емоционално и психолошки влијаат врз цели општества, поткопувајќи ја општествената реалност што претходно се сметало за сигурно и загарантирано. Како што забележал тој: „Во такви времиња, религиозните легитимации речиси секогаш доаѓаат до израз. Понатаму, секогаш кога едно општество мора да ги мотивира своите членови да убиваат или да ги ризикуваат своите животи, со што се согласува да бидат ставени во екстремни маргинални ситуации, религиозните легитимации стануваат важни. Така, „службеното“ практикување насилство е речиси секогаш придружено со религиозни симболизации. Луѓето одат во војна, а има случаи кога се убиваат среде молитви или богослужби“ (Berger, 1990: 44-45).

Низ оваа призма, религијата во конфликтот не се гледа во тесно дефинирани индивидуалистичко-побожни термини (т.е. религијата како прашање на личен избор што се практикува во тајност, со мало влијание врз општествените процеси), туку како сложен механизам на социјална, политичка и морална легитимација.

Дополнително, во веберијанска смисла, служи како основа и мотиватор за општествено дејствување и групно однесување (Weber, 1978: 24-26), со моќен, ефикасен арсенал на располагање. Во контекст на брзо менувачки општествен поредок и политизацијата на религијата и сакрализацијата на насилството во Нагорно Карабах станаа речиси неизбежни.

Феликс Корли, уредник на Форум 18, новинска платформа за група за застапување на верските слободи со седиште во Норвешка, забележува дека за време на демонстрациите во февруари 1988 година во Ереван, практично немало свештеници во толпата, со исклучок на 100-годишниот свештеник во целибат Богос, кој бил таму во приватна улога, а не како претставник на Ечмијацин, официјалното седиште на Ерменската црква (Corley, 1998: 293). Ерменските верски водачи и нивните азербејџански колеги биле пасивни набљудувачи на кризата што се одвивала и избрале да останат настрана отколку да интервенираат, иако не за долго.

Кога демонстрантите почнаа да користат религиозни слогани и симболи (на пр. крстови, постери со слики од ерменски светци, постери на ајатолахот Хомеини) наместо постери и слогани со комунистичка тематика, религиозното раководство почна да се ангажира. Самите централни власти наскоро ќе ја сфатат променливата динамика на кризата и важноста на религиозното раководство во поттикнувањето на дијалог или конфликт.

Надевајќи се да го ограничат конфликтот, во мај 1988 година, ерменскиот католикос Вазген I и водачот на Муслиманскиот дом на Кавказот, Шеик ул Ислам Алахшукур Пашазаде, се сретнаа во Ростов на Дон, по наговор на советското раководство. И покрај некои почетни договори за продолжување на дијалогот и повикување на воздржаност за нивните соодветни „избирачи“, состанокот не доведе до ништо, бидејќи двајцата лидери беа под зголемен притисок од јавноста да се приклучат на нивните редови или да бидат изоставени од тековните политички процеси.

Јазикот што се користеше против верските водачи честопати беше без пристојност. Во еден случај, незадоволни од повиците на католикосот Вазген I да останат смирени во светлината на антиерменските погроми во Азербејџан, ерменските демонстранти го обвинија стариот католикос, дека им служи на интересите на Москва и дека извршил предавство. Еден транспарент развеан на популарните демонстрации во Ереван објавуваше: „Католикосот ја распна нашата вера“ затоа што не проговори за ерменските национални аспирации (Libaridian, 1988: 93). Кратко потоа, Вазген I го променил курсот, изјавувајќи за време на телевизиско интервју дека го поддржува територијалното преминување на Нагорно Карабах кон Ерменија бидејќи тоа е „уставно и законско“, но не успеал да ги поддржи најрадикалните барања на ерменските националисти – независност за Ерменија (Corley,1998: 295–296).

Слични работи се случувале и во Азербејџан. Духовниот водач на кавкаските муслимани, шеикот Ул Ислам Алахшукур Пашазаде, на почетокот не се чувствуваше должен да се придружи, барем јавно, на новонастанатото националистичко движење во

Азербејџан. Но, како што конфликтот се развиваше и како што растеше народниот притисок, и тој јавно направи пресврт во врска со неговото учество во националистичките движења во Азербејџан.

Според Ариф Јунусов, некои од неговите причини за пресвртот имале многу врска со растечкиот предизвик од страна Иран и она што Бренда Шафер го нарекла „ирански исламски модел“ (Shafer, 2002: 109) врз азербејџанската политика и азербејџанскиот национален идентитет. Импликацијата е дека тој ја променил својата позиција затоа што се плашел дека можеби е на раб да го загуби сопственото влијание и позиција во општеството.

Како резултат на зголемениот притисок и желбата да не се чувствуваат изоставени од сѐ попопуларните национални движења, верските водачи се вклучиле во нов дискурс за национален идентитет и помогнале да се промени неговата динамика, како и динамиката на интеракцијата помеѓу религијата и политиката. Критикувани во еден момент, а популарни во друг, овие водачи потоа биле фаворизирани од националистичките водачи во обид да ги легитимираат сопствените политички агенди, внесувајќи им популистички религиозни наративи, инструментализирајќи ја религијата за сопствени потреби (Yunusov, 2004, 191).

## ЗАКЛУЧОК

Откако критиката за структурниот реализам (неореализмот) покажа дека е веродостоен како теорија во меѓународни односи поради тоа што ги исполнува критериумите за успешно теоретизирање за меѓународни односи, но ја појаснува и негова емпириска примена. Конфликт во Нагорно Карабах е избран затоа што е етнички конфликт што покажува како етничките и религиозни конфликти можат да предизвикаат меѓудржавен конфликт (Yamskov, 1991: 631-660).

Структурниот реализам, објаснувајќи го конфликтот, тврди дека Ерменија се борела за независноста на регионот Нагорно Карабах со цел да се обиде да ја зголеми својата моќ преку територијална добивка. Со тоа нејзината безбедност и моќ ќе зајакнаат против Азербејџан и други непријателски соседи како што е Турција (Harutyunyan, 2017: 70).

Вклученоста на Ерменија во конфликтот се објаснува со нејзината желба да помогне во сецесионистичкото движење во Нагорно Карабах, покажувајќи како домашните фактори можат да предизвикаат меѓудржавен конфликт. Понатаму, теоријата, исто така, го забележува вклучувањето на помоќни држави, особено Русија и Турција, и отежнувачкиот ефект на дејствување што го имале преку финансирањето на конфликтот и преку затворањето на границата со Ерменија од страна на Турција (Harutyunyan, 2017: 70-71).

Структурниот реализам, исто така, го привлекува вниманието кон раната фаза на градење на државите Ерменија и на Азербејџан. Соочени со оваа задача по стекнувањето независност, обете држави природно се стремат да постигнат територијален и национален интегритет по долгата колонијална историја, што е водечка причина за конфликт меѓу двете.

Религијата ретко делува како независен извор на конфликти. Најчесто се користи како инструментализирана варијабла во служба на националистичките и геополитички цели. Овие наоди се во целосна согласност со принципите на структурниот реализам, особено со неговата дефанзивна варијанта. Со цел да ја заштитат својата безбедност, државите дејствуваат според логиката на самоодржување и максимизирање на сопствената безбедност. Во рамките на овој наратив, религијата не е основна причина за конфликт, туку идентитетски ресурс кој политичките елити можат да го искористат за да консолидираат поддршка за одредени стратегии и моќ. Во рамки на дефанзивниот реализам, државите не се стремат кон апсолутна доминација, туку кон стабилност и безбедност, па така, религијата може теоретски да претставува морален кодекс и фактор за помирување, како внатре во општеството, така и меѓу народите и државите.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Agadjanian Aleksandr, Ansgar Jödicke and Evert van der Zweere, eds., Religion, Nation and Democracy in the South Caucasus, Routledge, New York 2015

Berger L. Peter, The Sacred Canopy: Elements of a Sociological Theory of Religion, Anchor Books, New York 1990.

Bournoutian A.George, (2004), Two Chronicles on the History of Karabagh, Mazda Publishers)

Broers, L. (2020). Armenia and Azerbaijan's Season of Symbolic Offensives. Chatham House, https://www.chathamhouse.org/2020/06/armenia-and-azerbaijans-season-symbolic-offensives

Corley Felix, „The Armenian Church Under the Soviet and Independent Regimes, Part 3: The leadership of Vazgen“, Religion, State, and Society, Vol. 26, Nos. 3/4, 1998.

De Waal Thomas, (2013), Black Garden: Armenia and Azerbaijan Through Peace and War, NYU Press, New York.

Demourian, A. (2020). Armenia-Azerbaijan Border Fighting Escalates; 16 Killed, Washington Post, https://www.washingtonpost.com/world/national-security/4-azerbaijani-troops-die-in-clashes-with-armenia/2020/07/13/ed4fd3f8-c567-11ea-a825-8722004e4150_story.html;

Derluguian M. Georgi, Bourdieu's Secret Admirer in the Caucasus: A World-System Biography, University of Chicago Press, Chicago 2005.

Donnely J., (1992), Twentieth-century realism, Traditions of international ethics, 17, 85

Durkheim Émile, Selected Writings, Cambridge University Press, New York 1972

Foy, H. (2020). Drones and Missiles Tilt War with Armenia in Azerbaijan's Favor. Financial Times, https://www.ft.com/content/6acddc7d-cda5-44b2-9e5c-f6863f7bb9e7

Gavin, G. (2023). Azerbaijan launches attack in Nagorno-Karabakh, announces an 'evacuation' of Armenian population, Politico https://www.politico.eu/article/azerbaijan-launch-anti-terror-operation-nagorno-karabakh-armenia/

Gilpin R & Keohane R.O., (1986), Neorealism and its critics, New York: Columbia University Press

Goble, P. (2020). Shusha Once Again Key to War and Peace Between Armenia and Azerbaijan. Eurasia Daily Monitor, https://jamestown.org/shusha-once-again-key-to-war-and-peace-between-armenia-and-azerbaijan/;

Harutyunyan Ani, (2017), „Two state disputes and outside intervention: the case of Nagorno-Karabakh“, Eurasian Economic Review, 7 (1).

Hauer, N. (2020). Armenia and Azerbaijan at War Again, https://foreignpolicy.com/2020/08/24/armenia-and-azerbaijan-are-at-war-again-and-not-in-nagorno-karabakh/;

Huntington, S. P. (1996). The clash of civilizations and the remaking of world order. Simon & Schuster.

Jervis, R. (1978). Cooperation under the security dilemma. World Politics, 30 (2).

Kofman, M. & Nersisyan, L. (2020). Second Nagorno-Karabakh War. https://warontherocks.com/2020/10/the-second-nagorno-karabakh-war-two-weeks-in/;

Libaridian J. Gerard, ed., The Karabagh File: Documents and Facts on the Question of Mountainous Karabagh 1918–1988, Zoryan Institute for Contemporary Armenian Research and Documentation, Toronto 1988.

Mearsheimer, J., (2001), The Tragedy of Great Power Politics, W.W. Norton & Company, New York/London.

Office of the High Commissioner for Human Rights (2020). Nagorno-Karabakh Conflict: Bachelet Warns of Possible War Crimes as Attacks Continue in Populated Areas, https://www.ohchr.org/en/press-releases/2020/11/nagorno-karabakh-conflict-bachelet-warns-possible-war-crimes-attacks

OSCE, Press Statement by the Co-chairs of the OSCE Minsk Group, January 6, 2019, https://www.osce.org/minsk-group/498948

Posen, B. R. (1993). The security dilemma and ethnic conflict. Survival, 35 (1).

Sandal, N. A. and Fox, J. (2013). Religion in International Relations Theory. Routledge

Shafer Brenda, Borders and Brethren: Iran and the Challenge of Azerbaijani Identity, The MIT Press, Cambridge and London 2002.

Simmons, M Ann. (2020). Azerbaijan Makes Gains in Conflict with Armenia, Setting Back Peace Efforts. Wall Street Journal, https://www.wsj.com/world/azerbaijan-makes-gains-in-conflict-with-armenia-setting-back-peace-efforts-11604683127

Smith Graham, Vivien Law, Andrew Wilson, Annette Bohr, and Edward Allworth, Nation-Building in the Post-Soviet Borderlands: The Politics of National Identities, Cambridge University Press, New York 1998.

Snyder J., (2013), Myths of empire: Domestic politics and international ambition, Cornell University Press.

Snyder, J. (2000). From voting to violence: Democratization and nationalist conflict. W. W. Norton.

Statement by Azerbaijan’s Ministry of Defense (2023). https://mod.gov.az/en/news/statement-by-azerbaijan-s-ministry-of-defense-49350.html

Synovitz, R. (2020). Azerbaijani Forces Close in on Nagorno-Karabakh’s ‘Unassailable’ Mountain Fortress City. RFE/RL, https://www.rferl.org/a/azerbaijani-forces-close-in-on-nagorno-karabakh-s-unassailable-mountain-fortress-city-shushi-susa-/30932210.html;

Synovitz, R. (2020). Technology, Tactics and Turkish Advice. https://www.rferl.org/a/technology-tactics-and-turkish-advice-lead-azerbaijan-to-victory-in-nagorno-karabakh/30949158.html

Tang S., (2010), A Theory of Security Strategy for Our Time: Defensive Realism, Springer.

Vilijams P.D., (2012), Uvod u studije bezbednosti, Beograd: Sluzbeni glasnik I Fakultet bezbednosti.

Waltz, K. N., (1979). Theory of international politics. Addison-Wesley.

Waltz, K., (2008), Realism and international politics, Routledge.

Weber Max, Economy and Society: An Outline of Interpretive Sociology, University of California Press, California 1978.

Yamskov N. A., (1991), „Ethnic Conflict in the Transcausasus: The Case of Nagorno-Karabakh“, Theory and Society, 20 (5).

Дугин, А. (2004). Основи геополитике, књига 1, Екопрес.

Кесић, Д. (2017). Настанак концепта безбедносне дилеме у реализму као теоријском приступу студија безбедности. Годишњак Факултета безбедности, (1)

Кесич, Д. (2019). Дилемма безопасности в отношениях между Россей и США. Москва: Московский государственный областной университет.

Новичић Ж., (2014), Структурални реализам Кенета Волца, види во: Липовац М. & Живојиновић Д., (2014), Међународна безбедност: теоријски приступи. Београд: Иновациони центар Факултета безбедности; Нови Сад: Академска књига.